## ШТО НАВИСТИНА ДОБИВМЕ СО РАЗМЕНАТА НА УМЕТНИЧКИТЕ ДЕЛА?


Најмалата цена е 50.000 германски марки: дело од Лубарда

Според белградските галеристи, делата што од Македонија отидоа во СР Југославија чинат неколку пати повеќе од оние што се за нив добиени

# *Ако коза лаже, пазарот не лаже!*

Следејќи ги контроверзите околу размената на уметничките дела меѓу Уметничката галерија од Скопје и приватните колекционери од Белград, "Утрински" се обиде да го испита пазарот на уметнички дела, при што дојде до фрапантни резултати. Имено, се чини дека разликата во вредноста на делата што ги добивме (Димо Тодоровски, Никола Мартиноски, две дела, Лазар Личноски, четири дела, Вангел Наумовски), наспроти оние што ги трампавме (Марко Челебановиќ, Надежда Петровиќ, Милан Миловановиќ, Петар Добровиќ, Петар Лубарда, Иван Табаковиќ, Емануел Видовиќ и Мило Милутиновиќ) е повеќекратна во полза на белградските приватници.

Имено, судејќи по реакциите на белградските галеристи и на некои официјални личности (од државните институции кои се задолжени за културното богатство), "ликовниот пазар" на југословенската престолнина воспостави прилично "дефинирани" цени за авторите и за нивните творечки периоди. Така, на пример, македонските автори Личеноски и Мартиноски "чинат", во зависност од форматот, првиот околу шест илјади германски марки, а вториот од три до пет илјади. Што се однесува до српските и авторите од другите републики на бивша СФРЈ, во Белград се рангираат на следниов начин: за Марко Челебоновиќ најниската цена му е десет илјади германски марки, Надежда Петровиќ (1911) не може да се набави без 50-55 илјади, а за да имате дело од Милан Миловановиќ треба да издвоите дваесетина илјади германски марки. Петар Добровиќ е "тежок", во зависност од формата, меѓу 40 и 50 илјади германски марки, па и повеќе, додека на Петар Лубарда не може ни да се помисли без 50 илјади ГМ. Иван Табаковиќ се движи околу триесетина, Емануел Видовиќ чини дваесетина, додека Мило Милутиновиќ може да се набави за 10-15 илјади ГМ.

Според нашиот дописник од Белград, кој направи анкета по белградските галерии, овие цифри значат дека за кусо време во Белград би можел да се најде галерист што може да ги исплати овие цени.

Податоците добиени од белградските галерии уште еднаш, и тоа со целата своја жестина, го поставуваат прашање: кој е навистина интересот на Министерството за култура вака да го "крчми" овдешното уметничко благо? (Д.С. – Ѕ.Г.)